Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 292/0306
22.12. 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 30.11.2023 година, врз основа на примена жалба од XXX XXXX го донесе следното:

# ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

**ТВ 21 со текстот насловен „Незири: Албанците никогаш немале поголема моќ од сега, со ДУИ и Алијанса“, не ги прекршил етичките и професионални стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 14 ноември 2023 година, лицето XXX XXXX поднесе жалба за текст со наслов „Незири: Албанците никогаш немале поголема моќ од сега, со ДУИ и Алијанса“, објавен на 13 ноември 2023 на интернет порталот на ТВ 21 (www.mk.tv21.tv).

Во жалбата се наведува дека во оспорената содржина има елементи на прекршувања по основ на говор на омраза и дискриминација.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со ТВ 21 и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот одговори во однос на наводите на жалбата и наведе дека жалбата е неоснована бидејќи ТВ21 само го пренесе тоа што го кажал гостинот во студиото. „Ние не цензурираме никого. Секој гостин поканет во студиото се почитува и му се дава простор да го каже своето мислење. Цениме дека од наша страна нема обид за омраза и дискриминација. Впрочем, немаме причина да правиме такво нешто, бидејќи ТВ21 има кадар составен од повеќе националности, меѓу кои има меѓусебно почитување и разбирање. ТВ21 е сериозен медиум кој секогаш информира врз основа на факти и аргументи, па се надеваме дека Советот за етика во медиумите, врз основа на правилата на новинарството, ќе ја отфрли оваа жалба“.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е НЕОСНОВАНА и едногласно одлучи дека во текстот нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 30 ноември 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во оспорената содржина.

Комисијата констатира дека станува збор за интервју со Беким Незири, претставник на партијата ДУИ во студиото на медиумот кој јавно ги презентира своите ставови.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595